# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА 2012 ГОДИНА

МАРТ 2013

## ПРЕДГОВОР

Почитувани,

Извештајот што е пред вас, се однесува на работењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци во 2012 година. Испишаните страници информираат за активностите и работата на Дирекцијата, за заложбите кои ги дадовме во насока на спроведувањето на нашите надлежности, но и следењето на визијата и мисијата кои ги имаме поставено.

Извештајот започнува со мисијата на Дирекцијата за заштита на личните податоци и воведот на Директорот, Димитар Ѓеорѓиевски, а потоа, текстот е разделен во повеќе глави – секоја со опис на случувањата, со конкретни податоци, отчет за работење и завршува со плановите и визиите за 2013 година. Подготвениот Извештај во формата го следи модерниот тренд во известување на Европскиот надзорен орган за заштита на личните податоци www.edps.eu, потенцирајќи ја суштината на работењето и спроведувањето на европските стандарди и на прописите за заштита на личните податоци, пред бројките и деталните податоци, за кои,секако, остануваме отворени за коментар.

**Глава 1 – Определби во 2012 година,** прикажани се резултатите постигнати во 2012 година во различните сегменти на работењето на Дирекцијата.

**Глава 2 – Инспекциски надзор**, дава преглед на работата на инспекторите за заштита на личните податоци во следење на имплементацијата на прописите за заштитата на личните податоци од страна на контролорите и обработувачите.

**Глава 3 – Консултации,** првенствено се однесува на советодавната улога на Дирекцијата, дадените мислења, укажувања, одговорите по претставките и предлозите, донесените интерни акти, дадените мислења и учеството во консултации во донесување на прописи, одлуките во врска со пренос на податоци и обработка на биометриски податоци, постапувањето по барања согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Глава 4 – Обуки**, дава осврт на превентивната улога на Дирекцијата, која континуирано се реализира преку одржување на обуки за контролорите и обработувачите, но и јакнење на сопствените капацитети преку вложување во обукие за сопствените кадри.

**Глава 5 – Соработка и проекти**, кадешто податоците се однесуваат како на меѓународната соработка, така и на соработката со различни субјекти во Република Македонија, вклучувајќи во себе повеќе сегменти на нејзината реализација. Тука се потенцираат и проектите кои се реализираат во Дирекцијата, билатералната соработка, потпишаните Меморандуми за соработка и други останати проектни активности. Во делот на соработката се дадени и информации за соработката на Дирекцијата со контролорите и обработувачите, како начин за реализирање на превентивната функција на Дирекцијата.

**Глава 6 – Комуникации и односи со јавноста**, дава осврт на претставувањето на правото на приватност во јавноста, ширењето на познавањата за заштита на личните податоци, како важен сегмент за гарантирање на правото на приватност во Република Македонија и јакнење на културата на почитување на туѓата приватност, а истовремено дава можност за увид на заинтересираните физички и правни лица во работата на Дирекцијата.

**Глава 7 – Централен Регистер на збирки на лични податоци**, дава приказ за бројот на регистрираните збирки во оформената база на податоци во Дирекцијата, којашто произлегува како законска обврска за контролорите.

**Глава 8 – Администрација, човечки ресурси,** ја прикажува структурата на вработените и институционалниот капацитет на Дирекцијата.

**Глава 9 – Финансиско работење**, ја прикажува реализацијата на буџетот на Дирекцијата за 2012 година како и сегментите на правилното менаџирање на средствата кое дава основа за ефикасно спроведување на прописите за заштита на личните податоци и извршување на надлежностите на Дирекцијата.

**Глава 10 – Главни определби за 2013 година**, дава краток осврт на целите кон кои се стремиме во 2013 година.

Како дополнување на Извештајот, преку анексите, се дава можност за запознавање со деталните податоци за работењето на Дирекцијата во 2012 година.

Доколку имате желба да се запознаете повеќе со работењето на Дирекцијата, можете да ја посетите интернет страницата www.privacy.mk, како и да се обратите директно во Дирекцијата.

Електронската верзија на Извештајот ќе биде достапна на интернет страницата на Дирекцијата www.privacy.mk. откако ќе биде усвоен од страна на Собранието на РМ.

## МИСИЈА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Мисијата на Дирекцијата за заштита на личните податоци е да обезбеди ефикасен систем за заштита на секое физичко лице во остварување на правото на приватност преку надзор на законитоста во обработката на личните податоци.

**Дирекцијата е одговорна за:**

- креирање на нормативна рамка за спроведување на прописите за заштитата на личните податоци;
- применување на начелата за заштита на личните податоци;
- давање мислења по актите на контролорите и обработувачите и по однос на обработката на личните податоци;
- вршење надзор над обработката на личните податоци и нивната заштита;
- оценка на законитоста на обработката на личните податоци;
- водење на Централен регистер на збирки на лични податоци;
- давање на одобренија за извршен пренос на лични податоци во други држави;
- остварување на меѓународна соработка во областа на заштитата на личните податоци и учество во работата на меѓународни организации и институции за заштитата на личните податоци;
- водење евиденција за дадени мислења за актите за видео надзор;

Покрај овие основни функции, Дирекцијата се стреми и кон реализирање на своите стратешки цели:

- постапување по барања на физички лица за утврдување на повреда на нивните права во однос на обработката на личните податоци;
- подигање на јавната свест кај сите контролори и обработувачи како и кај пошироката јавност и
- промоција на превентивни наместо репресивни механизми, активности и методи во остварување на утврдените надлежности согласно законот за заштита на личните податоци во Република Македонија.



***"Секој човек треба да знае дека неговата конверзација, неговата кореспонденција и неговиот личен живот се приватни"***

**Линдон Џонсон, поранешен претседател на САД**

Кога за своја основна надлежност имате заштита на човеково право, предизвиците пред кои се наоѓате во обидите за негова заштита од секој можен аспект се големи, а одговорноста пак кон граѓаните е огромна. Изминатата, 2012 година, ќе ја паметиме како година со многу активности но и успеси на сите полиња од надлежноста на Дирекцијата за заштита на личните податоци. Нашите активности ги фокусиравме кон натамошна промоција на приватноста како основно човеково право и континуирана едукација на оние кои ги обарботуваат личните податоци но и на оние кои се најзасегнати за заштита на правото на приватност, граѓаните. Следењето на развојот кој диктира внесување на нови трендови е клучен и во процесот на подучување но и при репресивното делување онаму каде личните податоци се злоупотребени.

Меѓународните партнери ја препознаа Дирекцијата за заштита на личните податоци како лидер во регионот на Западниот Балкан во оваа област што резултираше и со продлабочување на соработката. Организиравме и две меѓународни конференции, а иницаравме и одржување  на Конференција на органите за заштита на личните податоци од Балканските земји.

Го започнавме спроведувањето на првата стратегија за развој на областа на заштитата на личните податоци која ги дава насоките за нашиот иден развој и работење - Стратегијата за заштита на личните податоци 2012 – 2016.

Јакнењето на капацитетите на инспекцискиот надзор беше една од нашите главни определби во 2012 година која ја исполнивме со ставање во функција на СИН – Софтверот за инспекциски надзор. Потребата за висока професионалност и стручност на инспекторите е секогаш приоритет, особено ако се земе предвид фактот дека заштитата на личните податоци е исклучително комплексна материја. Токму затоа, им овозможивме на нашите инспектори да се здобијат со сертификати ИСО 27001 и ИСО 27 005 што пак резултираше со зголемена ефикасност и ефективност на извршени инспекциски надзори над контролорите и обработувачите на лични податоци. Особено не радува и фактот дека во домашни услови, по бројот на вработени, Дирекцијата е рекордер по искористување на странска помош од TAIEX инструментот.

Свесни за тоа дека едукацијата за правото на заштита на личните податоци е неопходна во остварувањето на целта за почитување на приватноста на поединецот, преземавме бројни активности за испорачување на обуки и за јакнење на јавната свест. Задоволни сме од зголемениот број на претставки од граѓаните до нашата институција кој ни покажа граѓаните ја препознаваат нашата надлежност и дека се запознале со правото за заштита на личните податоци како нивно основно човеково право.

Брзиот развој на модерните технологии има директно влијание врз заштитата на личните податоци при нивната обработка но не става во неблагодарна позиција на постојана трка на правото со технологијата. Еден од нашите приоритети во 2012 година беше следењето на промените и новитетите преку меѓународната размена на искуства и знаења и директно учество во работата на Европските органи и тела за заштита на личните податоци, успеавме да чекориме рамноправно со земјите од ЕУ во оваа област.

Со задоволство можам да истакнам дека 2012 година беше исполнета со активности и проекти со оптимална искористеност на потенцијалот на ДЗЛП, а во насока на гарантирање на приватноста на македонските граѓани и спроведување на законските одредби за заштита на личните податоци.

Подготвени ги очекуваме новите предизвици во 2013 година кога очекуваме почеток на Проектот „Одржлив систем за континуирана едукација во основно и средно образование за правото за заштита на личните податоци" како и на активностите од Секторското фише од Правда и внатрешни работи, од ИПА 2012 – 2013.

Со основата која ја поставивме во оваа извештајна година, овозможивме стекнување на добри резултати во годините кои доаѓаат, на кои однапред се радуваме.

Со почит,

**Димитар Ѓорѓиевски**

**Директор**



# I ОПРЕДЕЛБИ ВО 2012

Планирани активности и приоритети на Дирекцијата во 2012 година:

- Спроведување на Стратегијата за заштитата на личните податоци во Република Македонија за периодот 2012-2016 година;
- Донесена е Комуникациска Стратегија на Дирекцијата за заштита на личните податоци, за периодот 2012 - 2016;
- Реализација на проект „Отворени денови“ – Заштита на личните податоци на потрошувачите во секторот телекомуникации;
- Натамошно подигнување на свеста за постоење на правото на приватност и заштита на личните податоци кај граѓаните од една страна и кај контролорите и обработувачите од друга страна;
- Интензивирање на инспекцискиот надзор и реализација на инспекциите на цела територија на Република Македонија;
- Континуирано организирање на обуки за заштита на личните податоци согласно Годишната програма за 2012 година на Дирекцијата и дополнителните барања за обука на контролорите и обработувачите за 2012 година;
- Интензивирање на меѓународната соработка и активно учество во работата на органите и телата на Европската унија, Советот на Европа и останатите меѓународни мрежи што работат во областа на заштитата на личните податоци;
- Активно следење и аплицирање на Јавни повици за доделување на проекти од ЕУ фондовите;

Покрај планираните активности, во текот на 2012 реализиравме:

  - Меѓународна Конференција на тема „Модернизација на легислативата за заштита на личните податоци во Европа“
  - Балканска Конференција на органите за заштита на личните податоци – „Заеднички стремежи и заемна соработка“
  - Завршен е проектот „Поддршка на Дирекцијата за заштита на личните податоци“, ИПА 2008, Компонента 1

- Поднесени се, одобрени и реализирани 15 TAIEX апликации[1]

- Подготвен е и одобрен проект за користење на ИПА средства преку Механизмот за подготовка на проекти (ППФ)[2] од ИПА 2009 „Оддржлив систем за континуирана едукација во основно и средно образование за правото за заштита на личните податоци“

- Поднесен предлог проект од ИПА , Компонента 2 – Програмата за прекугранична соработка со Албанија 2007 – 2013, проект – „Патување со приватност“

- Поднесен предлог - Секторско фише за користење на средства од ИПА , Компонента 1 , Програмата 2012 – 2013 година, по мерка 6 – Зајакнување на пристапот на правото за заштита на личните податоци

- Остварен е континуитет во давањето мислења на контролорите и обработувачите на личните податоци за прашања поврзани со обработката на личните податоци;

- Остварен континуитет во давање укажувања за подобрување на ефикасноста на примената на одредбите и начелата за заштита на личните податоци од страна на контролорите и обработувачите на личните податоци;

- Остварен континуитет во давање одговори односно известувања по претставки од правни и физички лица за прашања поврзани со заштитата на личните податоци;

- Подобрено е тековното водење и ажурирање на Централниот регистар на збирки на лични податоци (регистрација на нови контролори, нови збирки на личните податоци) и евидентирање на офицери за заштита на личните податоци и

- Зајакната е транспарентноста во работата и континуитет во подигањето на јавната свест на граѓаните на Република Македонија. Активностите кои се однесуваат на односите со јавноста беа реализирани преку постојано присуство во медиумите со договорена соработка со три национални медиуми, весникот „Нова Македонија“ каде во текот на 2012 година во рубриката "Приватноста е само моја", беа објавени 43 натписи, Македонската телевизија и Македонско радио;

[1] TAIEX е инструмент за техничка поддршка и размена на информации, менаџиран од Генералниот Директорат за проширување на Европската Комисија

[2] ППФ средства (Project Preparation Facility)– средства од ИПА програмите наменети за подршка во подготовка на проекти

- Остварена е зголемена соработка со останатите телевизии (бројка од Елена)

- Организиравме обуки за заштита на личните податоци согласно Годишната програма за 2012 година на Дирекцијата и дополнителните барања за обука на контролорите и обработувачите за 2012 година

- Дирекцијата овозможи на своите вработени – инспектори за заштита на личните податоци натамошна едукација и стекнување на сертификат во работењето ИСО 27 001. Сертификатот за кој се одржа обука и полагање пред сертифицирано тело е стандард за натамошното работење;

- Во функција е ставено софтверско решение во ИТ инфраструктурата на Дирекцијата, СИН – Софтвер за инспекциски надзор кој обезбедува ефективност и ефикасност во постапувањето;

- Го организиравме и одбележавме 28 јануари 2012 година – Меѓународниот ден на заштита на личните податоци под мотото КЛИКНИ БЕЗБЕДНО

## II ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Основна надлежност на Дирекцијата е вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработка на личните податоци и нивната заштита на територијата на Република Македонија. Оваа надлежност на Дирекцијата е утврдена со членот 37 од Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/05, 103/08, 124/10 и 135/11), и се имплементира преку инспекторите за заштита на личните податоци. За спроведување на инспекциски надзор во Дирекцијата за заштита на личните податоци е организиран посебен сектор - Сектор за вршење на инспекциски надзор со две одделенија.

Инспекциските надзори се планираат на годишна основа, по области, со Програма која се донесува кон крајот на тековната година за наредната година, а се спроведува преку месечни планови за инспекциски надзор во кои се прецизирани контролорите, збирките што се инспектираат и датата на отпочнување на инспекциските надзори. Годишната програма за 2012 и месечните планови за инспекциски надзор (јануари- декември 2012) се објавени на WEB страната www.dzlp.mk и www.privacy.mk .

Вршењето на редовните инспекциски надзори се спроведува во прецизно утврдени законски рокови и постапка во текот на инспекцискиот надзор. Инспекторите во текот на вршењето на редовниот инспекцискиот надзор вршат и едуцирање на контролорите и обработувачите за правото за заштита на личните податоци, со што превентивната улога се стави како приоритет и во репресивното дејствување на инспекторите.

На интернет страната на Дирекцијата, објавени се основни информации за спроведувањето на инспекциски надзор (редовни, вонредни и контролни) и се објавени обрасци за Иницијативата за покренување на инспекциски надзор и Барање за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци, за да им се олесни на граѓаните да поведат постапка доколку сметаат дека нивното право на приватност е повредено. Објавена е и Основната листа за проверка и насоки за нејзино потполнување, со која контролорите самите можат да утврдат дали доследно ги почитуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Во текот на 2012 година, инспекторите во Дирекцијата перманентно беа вклучени во обуки за нивно надоградување, но и како презентери и обучувачи на повеќе обуки за контролори како и презентери и организатори на поголем број на конференции и проекти за областа што ја покриваат. Истовремено беа овозможени услови за работа на инспекторите кои опфаќаат нивна директна едукација и опремување со најнова ИТ технологија. По стекнатиот сертификат ИСО 27 001 во 2011 во текот на 2012 година инспекторите се стекнаа и со сертификат ИСО 27 005 за управување со ризици. Со наведените сертификати , инспекторите имаат зголемен капацитет за вршење на надзори во сложена ИТ инфраструктура на контролорите и обработувачите вклучително и управувањето на ризиците.

Имено, во текот на извештајниот период извршени се вкупно 368 инспекциски надзори од кои 273 се редовен инспекциски надзор, 95 се вонредни инспекциски надзори. Пренесени во работа беа 28 предмети од 2011 година и сите завршени во текот на 2012 година.

Табела бр. 1 Преглед на инспекциски надзор по вид на надзор

| **Вид на надзор** | |
|---|---|
| Вонредни | 95 |
| Редовни | 273 |
| Вкупно | 368 |




**Табела бр. 2 Преглед на инспекциски надзори по години**

| **Година** | **Број на извршени инспекциски надзори** |
|---|---|
| 2010 | 117 |
| 2011 | 146 |
| 2012 | 368 |

Табела бр. 3 Преглед на Донесени списи/ акти при вршење на инспекцискиот надзор

| **Донесени списи/акти при вршење на инспекциски надзор во 2012** | **Вкупно** |
|---|---|
| Записници | 317 |
| Решенија - редовен надзор | 185 |
| Решенија – вонреден надзор | 66 |
| Заклучоци | 82 |

| **Решенија - вонреден инспекциски надзор во 2012** | **Вкупно** |
|---|---|
| Решенија за утврдување на повреда | 56 |
| Решенија за одбивање на барање | 10 |

Гледајќи споредбено во однос на 2011 година, Дирекцијата за заштита на личните податоци го зголеми бројот на инспекциски надзори. Со бројка од вкупно 146 надзори во 2011 година, од кои во 2012 беа пренесени 28 предмети, во текот на 2012 година беа вкупно реализирани 368 инспекциски надзори.

Табела бр.4 Преглед на инспекциски надзор по години




Редовни инспекциски надзори во текот на извештајната година е вршен во државни органи, правосудство, здравство, единиците на лпкалната самоуправа, образование, поштенски сообраќај, игри на среќа, телекомуникации и други области. Вонредни инспекциски надзори кои се вршат по пријава, барање или согледување на инспекторот се вршени во областите: снабдување со топла вода, домување, видеонадзор, неосновано задржување и копирање или скенирање на документи за лична идентификација, директен маркетинг, катастар, игри на среќа и др. Застапеноста на инспекциските надзори по области е дадена подолу.

Табела бр. 5 Преглед на извршен инспекциски надзор по области

| **Област** | |
|---|---|
| Банкарство | 8 |
| Воздушен сообраќај | 1 |
| Вработување | 1 |
| Даноци | 5 |
| Домување | 7 |
| Државна управа | 18 |
| Човекови права | 1 |
| Електронска трговија | 5 |
| Електронски телекомуникации | 12 |
| Енергетика | 2 |
| Здравство | 76 |
| Авторски права | 1 |
| Игри на среќа | 7 |
| Интернет | 6 |
| Информатички технологии | 6 |
| Јавни служби | 6 |
| Катастар | 1 |
| Консултантски услуги | 3 |
| Локална самоуправа | 50 |
| Маркетинг | 1 |
| Медиуми | 2 |
| Образование | 8 |
| Осигурување на имот и лица | 2 |
| Паркинзи | 2 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 1 |
| Поштенски услуги | 18 |
| Правосудство (нотари, извршители) | 72 |
| Радиодифузија | 7 |
| Ревизија | 2 |
| Снабдување со пареа и климатизација | 6 |
| Социјална заштита | 1 |
| Судство | 1 |
| Трговија на големо | 4 |
| Трговија на мало | 4 |
| Туризам и угостителство | 7 |
| Физичко лице-видео надзор | 4 |
| Физичко лице-злоупотребени лп | 9 |
| Фотографска дејност | 1 |
| **Вкупно** | **368** |




Во однос на контролорите над кои е вршен инспекциски надзор, од вкупно 368 надзори, 236 се вршени кај контролори од јавен сектор, 120 се вршени кај контролори од приватен сектор и 12 кај физички лица контролори.

Табела бр. 6 Преглед на извршени инспекциски надзори по вид на сектор/ физички лица

| **Извршени инспекциски надзори по вид на сектор/физички лица** | |
|---|---|
| Јавен сектор | 236 |
| Приватен сектор | 120 |
| Физички лица | 12 |
| Вкупно | **368** |




Согласно законските одредби, но приоритетно на определбите од стратешките документи Дирекцијата, се заложи за потенцирање на превентивната улога на инспекцискиот надзор, користејќи ја можноста за обука и едукација на контролорите за обврските кои ги налага заштитата на правото на приватноста. Едукацијата на контролорите се врши согласно Правилникот за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата, како и начинот на водење на евиденцијата за спроведената едукација, донесен од директорот на Дирекцијата. Во текот на 2012 година, инспекторите реализирале 97 едукации на контролори, произлезени од текот на вршењето на инспекцискиот надзор.

Табела бр. 7 Преглед на спроведени едукации по години

| **Година** | **Број на спроведени едукации** |
|---|---|
| 2011 | 89 |
| 2012 | 97 |

***СИН Софтвер за инспекциски надзор***

Софтверското решение започна да се користи во текот на 2011 година, во која беа создадени сите предуслови за спроведување на електронското водење на инспекцискиот надзор. Со овој софтвер, преку широко-појасна интернет врска, што може да се користи и надвор од просториите на Дирекцијата, се придонесе за поефикасно и поекономично водење на инспекциската постапка, генерирање на извештаи (меѓу кои и податоци за овој извештај) и планирање на инспекциските надзори. Дел од инспекциската документација се внесува/изработува на самото место на вршење на инспекцискиот надзор, со што се намалуваат дел од трошоците, но и потребното време за постапување и се зголемува

ефикасноста на инспекторите. Имено, софтверот е дизајниран спрема специфичните потреби на инспекторите од Дирекцијата, а во функција да генерира документи и извештаи на основа на внесени одговори по претходно дадени прашања.

**Констатирани состојби во одделни области:**

- Констатирани се подобрувања на состојбите со комплетирањето на документацијата за технички и организациски мерки и нејзината имплементација кај државните органи. Направени измени и дополнувања на Законот за полиција, Законот за лична карта и други по основ на дадени препораки од Дирекцијата за заштита на личните податоци и претходно извршени надзори;

- Значителен напредок е постигнат во областа на здравството за разлика од состојбата опфатена од надзор во 2009 година, констатирано е воспоставување на процедури за техничките и организациските мерки и практики за нивно спроведување , како и подигнување на свеста кај вработените и менаџментот за заштитата на личните податоци. Воедно се спроведени дадените препораки за прописите донесени во 2012 година а преостанува да се изврши доусогласување на Законот за евиденциите во областа на здравството, Закон за здравствена заштита, Закон за здравствено осигурување и други прописи од областа на здравството;

- Потешкотии се констатирани во разбирањето на целите за воспоставување на видеондзорот, и техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци преку видеонадзорот, (особено кај заедниците на сопственици, како и физичките лица при поставувањето заради заштита на приватната сопственост):

- Недостатоци се утврдени и при уредување на односите меѓу корисниците и давателите на услугите неопходно е воспоставување на процедури заради допрецизирање на постапувањата на процедури за техничките и организациските мерки (компаниите за обезбедување на парно греење и др.)

- Целосно усогласување со прописите за заштита на личните податоци во 2012 година во областа на образованието по извршениот инспекциски надзор на обработката на личните податоци на ученици, наставници, вработени во Министерството за образование и наука, Информациониот систем за управување на образованието чиј дел е управувањето со човечките ресурси и Електронскиот дневник во јавните основни и средните училишта кој го администрира Министерството за образование и наука. Со инспекцискиот надзор беше иницирано и обезбеденоување на законска основа и дефинирање на целите на оваа интегрираната база на лични податоци, како и да се преземат потребните технички и организациски мерки да се обезбеди

тајност и заштита на личните податоци. Направени се измени во прописите со што е обезбеден законскиот основ за оваа интегрирана база , категориите на личните податоци што се обработуваат и целите.

До Дирекцијата за заштита на личните податоци беа доставени 35 барања за мислења поврзани со имплементацијата на актите за заштита на личните податоци кај контролорите и обработувачите и сите се одговорени навремено. Најголемиот дел од бараните мислења се од јавната администрација (9), економијата (7) и образованието (6).

Табела бр. 8 Дадени мислења по барање на контролорите и обработувачите

| Р.бр. | **Област** | **Број на контролори/ обработувачи кои побарале мислење** |
|---|---|---|
| 1. | Образование | 6 |
| 2. | Здравство | 3 |
| 3. | Општини | 2 |
| 4. | Јавна администациja | 9 |
| 5. | Јавни претпријатија | 1 |
| 6. | Економија | 7 |
| 7. | Правосудство | 4 |
| 8. | Енергетика | 1 |
| 9. | Информатички технологии | 1 |
| 10. | Банкарство | 1 |
| | **Вкупно:** | **35** |

Воедно Дирекцијата за заштита на личните податоци по службена должност во текот на 2012 година даде три укажувања.

Дирекцијата и во текот на извештајната година продолжи со давање на мислења по документацијата што контролорите ја изготвуваат заради спроведување на техничките и организациски мерки за заштита на личните податоци. Најголемиот број на мислења се дадени во областа на правосудство (во најголема мера на нотари и извршители), државни органи и здравствени установи, кои од своја страна беа и предмет на инспекција, согласно Програмата за 2012 година.

Табела бр. 9 Преглед на дадени мислења по документација по области

| Р.бр. | Област | Контролор (број) |
|---|---|---|
| 1 | Образование | 24 |
| 2 | Единици на локалната самоуправа | 15 |
| 3 | Осигурителни друштва | 3 |
| 4 | Министерства и др. Држ.институции | 25 |
| 5 | Здравствени установи | 18 |
| 6 | Информатички технологии | 5 |
| 7 | Сообраќај и врски | 1 |
| 8 | Економија | 8 |
| 9 | Пошти | 1 |
| 10 | Обезбедување | 2 |
| 11 | Обложувалници | 1 |
| 12 | Медиуми | 1 |
| 13 | Инвестициски фонд | 1 |
| 14 | Финансиски систем | 3 |
| 15 | Банкарство (банки и штедилници) | 2 |
| 16 | Праводудство | 65 |
| 17 | Игри на среќа | 1 |
| 18 | Јавни претпријатија | 2 |
| 19 | Маркетинг | 1 |
| 20 | Енергетика | 2 |
| 21 | Меѓународна соработка | 1 |
| 22 | Консултантски услуги | 1 |
| | **Вкупно:** | **183** |

# III КОНСУЛТАЦИИ

## *Мислења и укажувања*

Во извештајната година, Дирекцијата целосно одговори на обврската што произлегува од Деловникот на Владата на Република Македонија во поглед на давање мислења по правни акти кои по било која основа имаат допирни точки со заштита на личните податоци. По барања пристигнати од државни институции, Дирекцијата даде вкупно дваесет и пет мислења од кои 19 мислења се однесуваат на законски проекти, а преостанатите 6 на меѓународни или билатерални договори во кои Република Македонија е страна-потписник.

Табела бр. 10 Преглед на дадени мислења и укажувања по закони и правни акти

| Р.бр. | Подносител на барањето | Закони, позаконски акти и меѓународни договори за кои Дирекцијата даде мислења во 2012 година |
|---|---|---|
| 1. | Министерство за транспорт и врски | Предлог на Законот за измени и дополнување на Законот за јавна чистота |
| 2. | Министерство за информатичко општество и администрација | Предлог на Законот за архивски материјал |
| 3. | Министерство за труд и социјална политика | Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност |
| 4. | Министерство за внатрешни работи | Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција |
| 5. | Министерство за финансии | Предлог - Закон за изменување и доплнување на законот за игрите на среќа и за забавните игри |
| 6. | Министерство за внатрешни работи | Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за полициска соработка |
| 7. | Министерство за внатрешни работи | Предлог Договор меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Минситерството за внатрешни работи на Република Албанија за основање и функционирање на Заеднички контакт центар за полициска соработка |
| 8. | Министерство за внатрешни работи | Нацрт Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за полициска соработка |
| 9. | Министерство за внатрешни работи | Технички Договор меѓу Минсиетсртвото за внатрешниработи на Република Македонија и Мисијата за европско владеење на Косово |

| | | |
|---|---|---|
| | | (Еуролекс) за полициска соработка |
| 10. | Министерство за внатрешни работи | Предлог Договор меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи на Косово за основање на заеднички граничен премин за железнички сообраќај Блаце Хани Елезит |
| 11. | Министерство за внатрешни работи | Предлог протокол меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи Косово за спроведување на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Косово за преземање на лица кои престојуваат без дозвола |
| 12. | Државен завод за статистика | Закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика |
| 13. | Министерство за внатрешни работи | Закон за приватното обезбедување |
| 14. | Министерство за внатрешни работи | Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта |
| 15. | Државен испитен центар | Предлог Законот за Државен испитен центар |
| 16. | Агенција за храна и ветеринарство | Барање мислење Предлог Закон за идентификација и регистрација на животни |
| 17. | Државен испитен центар | Предлог Законот за Државен испитен центар |
| 18. | Министерство за образование и наука | Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование |
| 19. | Министерство за труд и социјална политика | Закон за изменување и дополнување на Законот за евиденции во областа на трудот |
| 20. | Министерство за правда | Закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности |
| 21. | Министерство за внатрешни работи | Закон за изменување и дополнување на Законот за азил и правна заштита |
| 22. | Министерство за внатрешни работи | Закон за изменување и дополнување на Законот за матичен број |
| 23. | Министерство за образование и наука | Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование |
| 24. | Министерство за образование и наука | Закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование |
| 25. | Министерство за информатичко општество и образование | Закон за изменување и дополнување на Законот за администрација |

***Комисија за одлучување по прекршоци***

Комисијата за одлучување по прекршок во рамки на Дирекцијата за заштита на личните податоци во текот на 2012 година постапуваше по пет (5) предмети.

Комисијата донесе Одлука по четири предмети. Два (2) предмети беа пренесени од 2011 година, за два (2) предмети се покрена постапка и се донесе одлука во 2012 година и еден (1) предмет се пренесе за натамошно постапување во 2013 година.

Во останатите (три) случаи за кои решаваше Комисијата за одлучување по прекршоци беше изречена Опомена, како за правното лице, така и за одговорното лице во правното лице.

Вкупно изречена глоба во 2012 година е во износ од 1350 евра во денарска противвредност.

## ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ

Во периодот од 01.01.2012 до 31.12.2012 година во Дирекцијата за заштита на личните податоци се примени вкупно **385** претставки.

Претставките се од областа на заштитата на личните податоци, при што, од вкупно **385** претставки, **207** се претставки за злоупотреби на личните податоци на социјалните мрежи.

Вкупно поднесени претставки:



Табела бр. 11 на претставки по области, без претставките за социјалните мрежи




Табела бр. 12 Преглед на претставки и предлози по години ( 2009, 2010, 2011 и 2012)

| Поднесени претставки | Вкупен број |
|---|---|
| 2009 | 95 |
| 2010 | 192 |
| 2011 | 363 |
| 2012 | 385 |

Во врска со злоупотребата на личните податоци на социјалните мрежи, за бришење на лажен профил на Facebook поднесени се **118** барања, за пробиено корисничко име или лозинка на профил на Facebook поднесени се **49** барања, за отстранување на видеа и фотографии од You Tube поднесени се **9** барања и **31** други видови на барања (бришење на е-маил адреси, препратени предмети за постапување од Министерството за внатрешни работи и други видови на злоупотреби на социјалните мрежи и прашања).

Табела бр. 13 Поднесени претставки за социјални мрежи:




За **316** претставки, подносителите се физички лица, за **66,** правни лица, а **3** претставки се анонимни. За **5** претставки Дирекцијата не била надлежна за постапување и претставките биле препратени на натамошна постапување на други органи или биле известени подносителите заради ненадлежност на Дирекцијата.

Табела бр. 14 Преглед на поднесени претставки по субјекти




Од вкупниот број на поднесени претставки, **85** се поднесени по писмен пат, а **300** по електронски пат.

Заклучно со завршувањето на 2012 година, Дирекцијата постапи по сите пристигнати претставки, од кои **11** се префрлени постапување во 2013 година, а **12** за постапување се префрлени во Секторот за вршење на инспекциски надзор.

Како резултат на се почестата практика на злоупотреба на личните податоци на физичките лица преку интернет страните за социјално вмрежување (особено на Facebook), на начин што се креираат лажни профили при што се врши злоупотреба на личните податоци на физичките лица, Дирекцијата во текот на 2012 година до надлежното Јавно обвинителство поднесе **4** кривични пријави заради постоење на основано сомнение дека е сторено кривично дело „Злоупотреба на личните податоци“ од член 149 од Кривичниот законик.

Табела бр. 15 Број на претставки по области

| Реден број | Области | Број |
|---|---|---|
| 1 | ФИНАНСИИ,БАНКАРСТВО,ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ И БЕРЗИ | 26 |
| 2 | ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ | 8 |
| 3 | ПРАВОСУДСТВО | 14 |
| 4 | ОБРАЗОВАНИЕ | 21 |
| 5 | ОСИГРУВАЊЕ | 4 |
| 6 | ЗДРАВСТВО | 10 |
| 7 | РАБОТНИ ОДНОСИ | 5 |
| 8 | СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | 1 |
| 9 | ЕКОНОМИЈА | 8 |
| 10 | ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ | 11 |
| 11 | ДИРЕКТЕН МАРКЕТИНГ | 11 |
| 12 | ДРЖАВНИ ОРГАНИ | 29 |
| 13 | СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ | 207 |
| 14 | НЕНАДЛЕЖНОСТ | 5 |
| 15 | ВИДЕО НАДЗОР | 8 |
| 16 | МЕДИУМИ | 13 |
| 17 | МАКЕДОНСКИ ПОШТИ | 1 |
| 18 | УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ | 2 |
| 19 | ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА | 1 |
| | **ВКУПНО** | **385** |

**Издавање на одобренија за пренос на податоци**

Законот за заштита на личните податоци содржи посебни одредби за пренос на личните податоци во трети земји. Преносот на личните податоци во земјите членки на Европската унија и за земјите членки на Европскиот економски простор (ЕЕА) се врши без одобрение од Дирекцијата заради тоа што се смета дека националните закони во овие земји се целосно усогласени со Директивата 95/46/ЕЗ, а со тоа и степенот на заштита на личните податоци во овие земји е соодветен. Преносот на лични податоци во земјите членки на Европската унија и Европскиот економски простор се евидентира со поднесување на пријава за пренос до Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Преносот на личните податоци во други земји, надвор од Европската унија е дозволен доколку Дирекцијата даде претходно одобрување и доколку се обезбеди соодветни

мерки за заштита на личните податоци и заштита на приватноста на субјектот на личните податоци.

Табела бр. 16 Пренос на лични податоци во други земји

| Сектор | Земја | Одобрени | Одбиени | Запрена постапка | Во постапка |
|---|---|---|---|---|---|
| Авио - сообраќај | Турција | 1 | / | / | / |
| Банкарство | Турција | 2 | / | / | / |
| Телекомуникации | Канада | 1 | / | / | / |
| Државни институции | Хрватска | 1 | / | / | / |
| Трговија | САД | 1 | / | / | / |
| Угостителски услуги | Турција | 1 | / | / | / |
| Фармација | Индија | / | 1 | / | / |
| Хотелиерство | Хрватска | / | / | 1 | / |
| Интернет услуги | САД | / | / | 1 | / |
| **ВКУПНО 10** | | | | | |

Табела бр. 17 Преглед на пријави по земји членки на ЕУ

| Пријави за пренос во земји членки на ЕУ | Земја | Број на пријави |
|---|---|---|
| Интернет услуги | Германија<br>Словенија | 2 |
| Банкарство и ревизија | Хрватска<br>Словачка<br>Словенија<br>Холандија<br>Чешка<br>Германија | 8 |
| Телекомуникации | Словенија | 2 |
| Здравствени/генетски податоци | Унгарија<br>Грција<br>Белгија | 3 |
| Архивски податоци | САД | 1 |
| Поштенски услуги | Чешка<br>Унгарија | 2 |
| Федерации | Швајцарија | 1 |
| **ВКУПНО 19** | | |

***Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија***

Во 2012 година Дирекцијата ги реализираше целите дефинирани во Поглавјето 3.23 - Правосудство и фундаментални права од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) за 2012 година што се однесуваат на заштита на личните податоци.

Во однос на заштитата на личните податоци, беа подготвени анализи за актуелната состојба во законодавството по однос на заштитата на личните податоци во неколку различни области. Отпочна спроведувањето на Стратегијата за заштитата на личните податоци 2012-2016 година согласно Акцискиот план за нејзиното спроведување. Донесена е Комуникациска стратегијата за заштита на личните податоци и се отпочна со нејзиното спроведување. Воведен е софтвер за инспекциски надзор преку кој инспекторите имаат постојан пристап до предметите и целокупната евиденција за инспекцискиот надзор. Придобивките од воведувањето на овој софтвер ќе имаат влијание и за генерирање на сеопфатни извештаи за состојбата за заштитата на личните податоци во нашата земја. Континуирано се спроведуваат обуки, општи (генерички) и специјализирани обуки по области) за контролорите и обработувачите на збирки на лични податоци. Продолжи континуираната обука на контролорите и обработувачите согласно Годишната програма и дополнителните барања. Континуирано се ажурира Централниот регистар на збирки на личните податоци што ги водат контролорите и се евидентираат и податоци за офицерите за заштитата на личните податоци. Дирекцијата брои 24 вработени, за кои согласно годишните програми за обуки за вработените се обезбедени општи (генерички) обуки и специјализирани обуки за заштитата на личните податоци од специфични области како и сертифицирани ИСО обуки за инспектирање на информатичка сигурност.

**Постапување по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Во текот на 2012 година во Дирекцијата беа поднесени пет барања за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои се бараа информации за постапувања на инспекцискиот надзор, за извршен инспекциски надзор во Министерството за внатрешни работи, за видови на инспекциски надзори и нивно спроведување.

Табела бр. 18 Добиени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер

| **Вкупен број на добиени барања** | **Позитивно одговорени барања** | **Препратени барања до имателот** | **Одбиени** |
|---|---|---|---|
| 6 | 5 | / | 1 |

Освен барањата за слободен пристап до информации, до Дирекцијата за заштита на личните податоци стигнаа и повеќе барања за мислење за примената на исклучокот од Член 6, точка 2 од Законот за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Меѓуресорско тело за човекови права**

Во изминатата година Владата на Република Македонија донесе одлука за формирање на меѓуресорско тело за човекови права врз основа на која Дирекцијата на заштита на личните податоци е еден од 12-те претставници во ова тело. За потребите за изготвувањето на Основниот документ на Република Македонија за потребите за известување по конвенциите за човекови права на ОН, беше формирана Работна група за подготовка на овој документ кој треба да биде усвоен од Меѓуресорското тело за човекови права. Дирекцијата за заштита на личните податоци има номинирано свој претставник во оваа Работна група која во текот на 2012 година го подготви предлог документот чие усвојување се очекува во 2013 година.

# IV ОБУКИ

Во извештајниот период, од страна на Комисијата за спроведување на обуки при Дирекцијата, која постапува согласно Упатството за начинот на организирање и спроведување на обуки за контролори и обработувачи бр.02-1414/1 од 11.11.2010 година беа организирани и спроведени 40 обуки за обезбедување тајност и заштита при обработката на личните податоци. На обуките присуствуваа 723 учесници од 289 контролори и обработувачи, од кои 111 од јавниот сектор и 178 контролори од приватниот сектор.

Табела бр. 19 Спроведени обуки по број на контролори/обработувачи

| **Р.бр** | **Контролор/Обработувач** | **Број** |
|---|---|---|
| **1** | **Локална самоуправа** | **26** |
| **2** | **Банка** | **5** |
| **3** | **Осигурување** | **1** |
| **4** | **Телекомуникации** | **3** |
| **5** | **Здравство** | **34** |
| **6** | **Основни училишта** | **1** |
| **7** | **Високо образовни институции** | **8** |
| **8** | **Држ. институции** | **42** |
| **9** | **Економија** | **76** |
| **10** | **Нотари** | **37** |
| **11** | **Извршители** | **56** |
| **Вкупно:** | | **289** |

Табела бр. 20 Број на обучени учесници по модули

| Модул/област | Број на учесници |
|---|---|
| Образование | 11 |
| Здравство | 45 |
| Банкарство, инвестициски фондови и берзи | 78 |
| Телекомуникации | 55 |
| Пензиски фодови | 1 |
| Јавна администрација | 275 |
| Економија | 76 |
| Правосудство | 93 |
| Осигурување | 1 |
| Локална самоуправа | 41 |
| Агенции за обезбедување на лица и имот | 19 |
| Енергетика | 20 |
| Хотелиерство | 8 |
| | 723 |

Табела бр. 21 Број на контролори/обработувачи по сектори кои посетиле обука

| Р.бр. | Јавен сектор | Број |
|---|---|---|
| 1 | Локална самоуправа | 26 |
| 2 | Основни училишта | 1 |
| 3 | Здравство | 34 |

| | | |
|---|---|---|
| **4** | **Високо образовни институции** | **8** |
| **5** | **Државни институции** | **42** |
| **Вкупно:** | | **111** |
| **Р.бр.** | **Приватен сектор** | **Број** |
| **1** | **Осигурување** | **1** |
| **2** | **Телекомуникации** | **3** |
| **3** | **Банкарство** | **5** |
| **4** | **Економија** | **76** |
| **5** | **Нотари** | **37** |
| **6** | **Извршители** | **31** |
| **Вкупно:** | | **178** |

Обуката се спроведува според однапред утврдени модули и тоа еден општ модул, за општи познавања од областа на заштитата на личните податоци (генеричка обука) и 16 специјализирани модули во зависност од областа од која доаѓаат контролорите и обработувачите. Повеќе на www.privacy.mk.

Претставници на Комисијата за спроведување на обуки со презентации за конкретни теми поврзани со правота на заштита на личните податоци учествуваа на 6 екстерни обуки/работилници:

- Тркалезна маса на тема: „Учество на децата и нивна заштита од информации и материјали штетни за нивниот психофизички развој“ Народен правобранител;
- Обука за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и Законот за заштита на личните податоци при спроведување на акцискиот план за отворено владино партнерство;
- Информативно – едукативниот настан - Тркалезна маса на тема: Заштита на личните податоци во Република Македонија од аспект на постапувањето на членките на Сојузот на Стопански комори на Македонија и

Три Работилници организирани од Државната изборна комисија во соработка со ОБСЕ, според BRIDGE методологијата (Скопје, Штип и Битола).

# V СОРАБОТКА И ПРОЕКТИ

## 1. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Брзиот развој на технологијата се повеќе ги надминува државните граници, па оттука соработката меѓу органите за заштита на личните податоци е повеќе од потребна. Личните податоци и приватноста се откриваат со голема брзина, начините на нивната обработка се модернизираат и отвораат нови можности за злоупотеба на личните податоци. Во ера на рапиден раст на технологијата, органите за заштита на лините податоци се повиканите институции од секоја држава, кои мора да го следат и да бидат во тек со развојот, да се усогласуваат во своето работење и механизмите кои ги применуваат, бидејќи само на таков начин може да се обезбеди еднаков стандард во заштитата на приватноста.

Остварувањето на меѓународната соработка во областа на заштитата на личните податоци е приоритет во работењето на Дирекцијата. Предвидена во Законот за заштита на личните податоци, воспоставена како неминовност, соработката со колегите од Европските земји и пошироко станува предуслов за ефективно работење и доследно гарантирање на правото на приватност во Република Македонија.

Меѓународната соработка, изразена преку билатерална соработка, низ учество на меѓународни средби и активно следење на промените во законодавството е задача на која Дирекцијата во извештајниот период посвети исклучително внимание.

Практикувајќи интерактивност и отворена соработка, давајќи конструктивни мислења и забелешки, учествувајќи и промовирајќи ја заштитата на личните податоци и работењето на институцијата во странство, придонесовме Дирекцијата да стане препознатлива по нивото на квалитет и знаење.

Гледано во Балкански рамки, иницирављме одржување на средба на Балканските органи која резултираше со прифаќање на Декларација за заедничка соработка во вид на изразена волјаа за идно заедничко проектно аплицирање кон ЕУ фондовите.

Организиравме две меѓународни конференции, со присуство на бројни учесници, високи претставници од органите и телата на Европската Унија. Првата Конференција од меѓународен карактер на тема „Модернизација на легислативата за заштита на личните податоци во Европа" беше одржана во мај 2012 година. Втората, од регионален карактер, работилница на „Органите за заштита на личните податоци од Балканските земји – заеднички стремежи и заемна соработка", се одржа во декември 2012 година. Организирани по иницијатива на Дирекцијата, конференциите беа прв чекор во идната соработка на Балканските земји во полето на заштитата на приватноста, а со цел поддршка во усогласување на националната со ЕУ легислативата и воспоставување на најдобри практики за заштита на личните податоци.

Во извештајната година се изборивме да ја добиеме организацијата на две меѓународни средби во 2014 година, на Конференцијата на органите за заштита на личните податоци од Централна и Источна Европа (CEEDPA) и на Меѓународната Работна Група за заштита на личните податоци во телекомуникацискиот сектор(IWGDPT).

## ***Следење на европската легислатива за заштита на личните податоци***

Правните акти на кои се темели Европската, па и светската легислатива за заштита на приватноста, Директивата 95/46/ЕК на Европскиот Парламент и Советот за заштита на поединците, во однос на обработката на личните податоци и на слободниот проток на таквите податоци и Конвенцијата 108 на Советот на Европа за заштита на поединците при автоматска обработка на личните податоци (ратификувана од Собранието на Република Македонија на 24.03.2006 година), заедно со Дополнителниот протокол на Конвенцијата во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци, беа предмет на ревизија и дискусија во извештајната година.

Овие стожери на приватноста, ќе претрпат измени со предложените измени на ЕУ прописите што ќе резултира со потреба од промена и на домашните прописи. Иако во моментов, Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/05, 103/08, 124/10 и 135/11), е во целост усогласен со меѓународна легислатива, вработените од Дирекцијата секојдневно ја следат насоката во која се предлагаат измените на европско ниво, заради подготовка за брзо прилагодување кон промените и прифаќање на новините, како и заради обезбедување на целосно функционирање на концептот на заштита на приватноста и следење на најновите стандарди во оваа област.

Освен Директивата 95/46/ЕЗ и Конвенцијата 108, Дирекцијата ги следи сите останати директиви, препораки, мислења и резолуции донесени од страна на меѓународните експертски групи кои работат во полето на заштитата на личните податоци и учествува со свои мислења и забелешки во подготовката на новите.

## ***Извештај за напредокот на Република Македонија за 2012 година, од Европската Комисија***

Оценката на Европската Комисија за заштитата на личните податоци во Република Македонија е позитивна. Во продолжение објавуваме дел од Извештајот за напредок на Република Македонија за 2012 година од Европската Комисија, кој се однесува на заштитата на личните податоци во Република Македонија.

Извадок од Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2012 година, Поглавје 23: Судство и основни права

„Постигнат е натамошен напредок на заштитата на личните податоци. Беа донесени Националната Стратегија за заштита на личните податоци 2012 – 2016 и соодветниот акциски план. Се зголеми инспекцискиот капацитет на Дирекцијата за заштита на личните податоци (ДЗЛП), со тројца нови вработени. Буџетските средства останаа на исто ниво како и во 2011 година. Меѓународната соработка дополнително е подобрена. Различни прирачници беа објавени, насочени кон контролорите и обработувачите на личните податоци и општата јавност. Сепак бројот на потврдени повреди се зголеми од 176 во 2010 година на 319 во 2011 година, и одредени медиуми не го почитуваа правото на приватност на поединците, што доведува до чести повреди."

## ***Учество во работата на органите и телата за заштита на личните податоци од Европа***

Тргнувајќи од определбата на Дирекцијата за активно учество во меѓународната политика за развој на правото на приватност, особено внимание се посвети на континуирано учество на претставници од Дирекцијата во работата на органите и телата за заштита на личните податоци во Европа. Присуството на конференциите од оваа област и доставувањето на нашите ставови и мислења, го утврдуваат патот кон целосно усогласување на нашето национално законодавство со ЕУ легислативата од областа на заштита на приватноста, но го отвара и патот за идно спроведување на новините кои претстојат со измените на двата столба на легислативата во меѓународни рамки Директивата 95/46/Е3 и Конвенцијата 108.

### ***Консултативен комитет на Советот на Европа за заштита на поединецот од автоматска обработка на личните подтоци Т-PD***

Конвенцијата 108 на Советот на Европа за заштита на поединците при автоматска обработка на личните податоци е еден од стожерите во меѓународната легислатива за заштита на приватноста. Земјите членки на Советот на Европа ја ратификуваат Конвенцијата од 1981 година и Дополнителниот протокол, но истата се почитува и од други земји кои не се членки на Советот на Европа. Така, Конвенцијата 108 станува меѓународен инструмент за заштита на приватноста, кој натаму се спроведува како составен дел од во националните законодавства и меѓународните договори.

Грижата за спроведувањето на Концвенцијата 108, како и за давањето насоки и совети за спроведувањето на правото на заштита на личните податоци ја има Консултативниот Комитет Т-PD, тело формирано согласно член 18 од Конвенцијата.

Консултативниот Комитет Т-PD во текот на 2012 година беше центарот каде што се креираа новините во полето на заштита на приватноста, што резултира со предлог измени на Конвенцијата 108. Имено, технолошкиот развој и потребата од нормирање на новите појави кои овозможуваат повреда на правото на приватност, доведоа до конструктивни дискусии на одржаните средби на Консултативниот Комитет Т-PD.

Дирекцијата е полноправна членка на Консултативниот Комитет за заштита на поединецот од автоматска обработка на личните податоци Т-PD. Во 2012 година активна соработка беше остварена преку учество во подготовка на мислења и ставови по разни прашања. Дирекцијата даде мислење по следниве документи подготвени од Советот на Европа – Консултативниот Комитет Т-PD:

1. Извештај за напредокот во спроведувањето на принципите на Конвенцијата 108 за собирање и обработка на биометриските податоци од 2005 (2005 Progress report on the application of the principles of Convention 108 to the collection and processing of biometric data);
2. Последни достигнувања на Дирекцијата(Latest developments of the Directorate for Personal Data Protection);

3. Мислење по Предлог Мислењето на Консултативниот Комитет T-PD по барањето на Кралството Мароко за пристапување кон Конвенцијата 108 (Draft opinion of the T-PD on the request of the Kingdom of Morocco to accede to Convention 108);
4. Согласност од Дирекцијата за статус на набљудувач во Консултативниот Комитет T-PD на Internet society (ISOC) и Комисијата за заштита на личните податоци на Јужна Кореја (Agreement of the DPDP for an observer status in the Consultative Council T-PD for Internet society (ISOC) and Personal Information Protection Commission of South Korea);
5. Суштински промени во полето на заштита на личните податоци (Major developments in the data protection field);
6. Финален документ за модернизација на Конвенцијата 108 (Final document for modernization of the Convention 108).

Дирекцијата имаше свој претставник на Пленарната седница на Консултативниот Комитет на Советот на Европа за заштита на поединецот од автоматска обработка на личните податоци (T-PD). На пленарната седница се разгледаа предлозите за измена на Конвенцијата 108 чија што основна цел е да се обезбеди правото на приватност на секој поединец. Посебно внимание беше посветено на Препораката (89) 2 за заштита на личните податоци кои се користат при вработување, Препораката (87)15 за регулирање на употребата на лични податоци во полицискиот сектор.

***Работна Група 29 (Article 29 Working Party)***

Директивата 95/46/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот за заштита на поединците во однос на обработката на личните податоци и на слободниот проток на таквите податоци за земјите членки на Европската Унија како и за сите кои се насочени кон неа, е основен и најбитен документ за заштита на приватноста.

Согласно Член 29 од Директивата 95/46/ЕЗ, формирана е Работната Група 29 (Article 29 Working Party) како носечко тело во промените, новините, утврдувањето на начинот на спроведување на принципите за заштита на личните податоци и координација на сите национални тела за заштита на личните податоци. Ова тело го диктира натамошниот развој на заштитата на приватноста и е надлежно за утврдување на заеднички ставови и мислења, кои пак за земјите членки се од обврзувачка природа.

Дирекцијата има статус на набљудувач во Работната Група 29. Во текот на 2012 година, Дирекцијата вложи заложби да учествува во работењето на ова исклучително важно тело за заштита на приватноста. Претставници на Дирекцијата учествуваа на сите 4 работни средби на Работната Група 29. Учеството ни овозможи препознавање на професионалноста на Дирекцијата и ги отвори вратите за непосредна билатерална и мултилатерална соработка со останатите учесници. Размената на мислења во рамки на средбите на Работната Група се суштински за пронаоѓање на најсоодветни механизми за спроведување на законодавството за заштита на личните податоци. Исто така, со редовното присуство и активното учество на Дирекцијата на сите состаноци на Работната група 29 во 2012 постигнато е навремено следење на новините кои ќе бидат опфатени со новата

легислатива за заштита на личните податоци на Европската Унија, чиешто усвојување се очекува во 2014 година.

Во текот на извештајната година, Дирекцијата учествуваше во креирањето на следните документи на Работната Група 29:

1. Барања за пристап до класифицирани информации од Националните органи за заштита на личните податоци (Requirements for access to classified documents by Data Protection Authorities)
2. Финансирање на националните органи за заштита на личните податоци (Financing of data protection authorities)
3. Мислење за пресметување во облак (Cloud computing opinion)
4. Пристап до личните податоци од испитните материјали (Access to personal data examination scripts and to examinations materials)

***Соработка со Европравда (EUROJUST) – Потпишани Договорени Насоки за заедничка соработка меѓу ДЗЛП и Офицерот за заштита на личните податоци на Eurojust***

Успешната соработка меѓу Дирекцијата и Офицерот за заштита на личните податоци на Европравда резултираше со потпишување на Насоки за заедничка соработка меѓу Дирекцијата за заштита на личните податоци и Офицерот за заштита на личните податоци на ЕВРОПРАВДА (EUROJUST), Г-ѓа Дијана Алонсо Блас.

Потпишаните насоки ги даваат можните начини за натамошно зајакнување на соработката и претставуваат дополнителен чекор напред во спроведувањето на постојниот договор за соработка и детално специфицирање на начините на соработката. Важен елемент истакнат од договорените насоки е годишната консултација меѓу двете страни која ќе биде проследена и со годишна инспекција извршена од страна на Дирекцијата во однос на обработката на личните податоци од страна на органите надлежни за извршување на договорот со Европравда.

***Пролетна Конференција – Европска Годишна Конференција за заштита на личните податоци (Spring Conference)***

Пролетната конференција на органите за заштита на личните податоци во 2012 година се одржа во Луксембург. Средбата беше можност да се увидат новините кои ќе претстојат за заштита на личните податоци во европската регулатива, со особен осврт на интернет комуникацијата и брзиот развој на технологијата која ја ограничува приватноста. Присутните разговараа за потребата од зајакнување на улогата на националните органи за заштита на личните податоци и нивно институционално поврзување на европско ниво, со цел спроведување на еднакви стандарди и механизми на работење.

***Конференција на органите за заштита на личните податоци на Централна и Југо Источна Европа (CEEDPA)***

14-та Конференција на органите за заштита на личните податоци од Централна и Југо-Источна Европа се одржа во Киев, Украина. На средбата на која освен претставниците од Дирекцијата, присуствуваа високи претставници од другите национални органи, беше презентиран развојот на заштитата на личните податоци во земјите од Централна и Југо Источна Европа. Беше презентирана активноста на членките на ЕУ и Советот на Европа во насока на преземените реформи. Посебно внимание беше посветено на прашањата поврзани со заштитата на личните податоци при организација на масовни настани како УЕФА -Европското Фудбалско првенство.

***Студиска посета на аеродромот АТАТУРК, Истанбул, Р.Туција***

Студиската посета во Истанбул, Р. Турција, беше продолжување на соработката со компанијата TAV Македонија ДООЕЛ – Петровец Аеродром. Посетата на која учествуваа вработени од Дирекцијата имаше за цел увид во процедурите и практичната примена на методите за заштита на личните податоци на патниците и вработените на еден од најфреквентните аеродроми во Европа. Беа разгледани постапките за правната документација за заштита на приватноста на патниците, видео -надзорот, ИТ обезбедувањето и натамошно превземање на превентивни активности при пренос на податоци во Република Турција, а кое произлегува од секојдневното функционирање на аеродромите со кои оперира TAV во Република Македонија

***Студиска посета на тема Народниот правобранител и слободниот пристап до информации од јавен карактер, Стокхолм, Шведска***

Дирекцијата доби покана да учествува на меѓународна работилница во организација на Генералниот Директорат за проширување на ЕК, преку TAIEX инструментот на тема – Народниот правобранител и слободниот пристап до информации од јавен карактер, која се одржа во Стокхолм, Шведска. Целта на работилницата беше нагласувањето на клучната улога на институцијата Народен Правобранител, како основ за добро владеење во земјите, моменталната улога на омбудсманите во однос на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со посебен осврт на судирот помеѓу пристапот до информации од јавен карактер и правото за заштита на личните податоци.

***Меѓународна Работна Група за заштита на личните податоци во областа на телекомуникациите***

На 52-та средба на Работната Група за заштита на личните податоци во телекомуникациите, одржана во Берлин, претставниците од Дирекцијата заедно со претставници од надзорните органи од Европа и пошироко, како и контролори од областа на телекомуникациите разговараа за развојот на технологијата и случувањата во надзорните органи за заштита на личните податоци. Особено беа поттикнати дискусии за индексирање на веб страниците и заштита на “правото да се биде заборавен”. Интернет следењето, за приватноста на

социјалните мрежи, интернационалните стандарди и пресметувањето во облак (Cloud computing).

***Matra Pre-Accession Training on Rule of Law (MATRA PATROL)***

***МАТРА[3] пред-пристапна обука за Владеење на правото (MATRA PATROL)***

Јавните набавки, главен аспект на подготовката на европските јавни набавки и нивна идна примена во европските земји беше тема на обуката организирана од страна на МАТРА програмата на која учествуваше вработен од Дирекцијата. Учеството на стручно оспособување и усовршување на тема од областа на јавните набавки во организација на Ecorys Academy, Холандија, а финансирано од Министерството за надворешни работи на Холандија, е од важност за работењето на Дирекцијата од аспект на реализација на јавните набавки.

***Студиска посета во рамки на програмата „Европски политики во однос на информатичко - текомуникациките технологии“ проект „Одржливо учење за ЕУ и системи за обука“***

Претставниците од Дирекцијата имаа можност да се запознаат со работата на Европскиот парламент, организациската поставеност, политичките групи и поврзаноста на Европскиот парламент со Европската Комисија и Советот на ЕУ. Обуката во Брисел, финансирана од Министерството за надворешни работи на Норвешка, овозможи и посета на Здружението на европски телекомуникациски мрежни оператори. Во рамки на посетата, се презентираше и концептот на е - Влада кој промовира транспарентност и демократија. Беа претставени основните концепти и главни политички предизвици како и ЕУ политиките и програмите за управување и учество. Се отвори дискусија за е-Влада и потребата од утврдување на недостатоците од воведуваањето нови технологии, но и редефинирање на јавните добра и услуги (улогата на Владата), процесите за креирање политики и политичките процеси.  Посетата во Брисел беше искористена и за средба со претставници од Мисијата на Хрватска во ЕУ и со Шефот на Мисијата на Република Македонија во ЕУ.

**Регионална Конференција за пристап на информациите и заштита на личните податоци**

Дирекцијата, преку свој претставник, учествуваше на Регионалната Конференција во организација на Агенцијата за заштита на личните податоци на Црна Гора. На средбата на која присуствуваа претставници од надзорните органи за заштита на лични податоци на Србија, Словенија, Босна и Херцеговина, Албанија и Косово, стана збор за проблематиката помеѓу пристапот до информации и истовремена заштита на личните податоци,

[3] МАТРА – Предпристапна програма за обуки за јакнење на институционалните капацитети за Владеење на правото

хармонизација или конфликт меѓу правата и улогата на медиумите. Дирекцијата во својата презентација даде особен осврт на заштитата на личните податоци во контекст на објавување на информации од страна на државните органи и полицијата. При тоа беа презентирани прописите за заштита на личните податоци во Република Македонија.

***ПРОЕКТИ ИПА***

***ИПА 2008, Компонента 1, Проект – Поддршка на Дирекцијата за заштита на личните податоци***

Во јули 2012 година, заврши проектот ИПА 2008 – инструментот за предпристапна помош на Европската унија, Компонента 1, „Поддршка на Дирекцијата за заштита на лични податоци". Проектот успешно ги реализираше поставените цели и тоа зајакнување на надлежностите на Дирекцијата, подобрување на спроведувањето на законодавството во областа на личните податоци, како и подигнување на јавната свест кај граѓаните за нивното право на заштита на личните податоци.

Проектните активности беа поделени во четири компоненти кои ги следат заложбите на Европската унија за подигнување на јавната свест, зајакнување на капацитетите на институциите и подобрување на спроведувањето на законите.

**Компонента 1:** Услогласување на домашното законодавство со европското
**Компонента 2:** Зајакнување на институционалните капацитети на Дирекцијата
**Компонента 3:** Подигнување на јавната свест за правото на заштита на личните податоци како човеково право
**Компонента 4:** Надградба на ИТ инфраструктурата на Дирекцијата

Во текот на извештајниот период, преку проектот беа публикувани прирачници, анализи и истражувања, кои превентивно и едукативно се насочени кон контролорите и обработувачите на личните податоци, како и кон инспекторите од Дирекцијата.

1. Анализа за заштита на личните податоци при вршење на директен маркетинг – анализа на законодавство во однос на директен маркетинг;
2. Анализа на законодавството од областа на образованието во врска со заштитата на личните податоци;
3. Анализа на законодавството од областа на трудот во Република Македонија од аспект на заштита на личните податоци во Република Македонија;
4. Анализа на законодавството од областа на осигурувањето од аспект на заштита на личните податоци;
5. Анализа – Компаративен докуемент за усогласување на Законот за заштита на личните податоци со Директивата 95/46/ЕК

6. Анализа на законодавството од областа на социјалната заштита од аспект на заштита на личните податоци;
7. Анализа на законодавството од националните електронски комуникации од аспект на заштитата на личните податоци;
8. Компаративен приод за известување и следење на легислативата – Алатка за известување;
9. Стратегии за спроведување на законите и подзаконските акти со цел усогласување со националните прописи за заштита на податоците со легислативата на Европската унија;
10. Подобро вклучување во процесот на креирање политики и донесување одлуки од аспект на заштита на личните податоци;
11. Правен баланс меѓу пристапот до јавни информации и заштитата на личните податоци и дополнение – Посебен или единствен надзорен орган;
12. Анализа на законодавството на органите за извршување на законите од аспект на примена на заштита на личните податоци;
13. Правилник за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео-надзор;
14. Ефективност на механизмите за санкционирање за прекршоци од повреда на правото за заштита на личните податоци;
15. Упатство во врска со воведувањето на мерки за заштита на биометриски податоци;
16. Упатство за употреба на личните податоци во директен маркетинг со особено внимание за користење на електронските комуникации за цели на директен маркетинг;
17. Насоки за даватели на услуги во образованието;
18. Насоки за заштита на личните податоци во секторот на вработување;
19. Насоки за заштита на личните податоци во осигурителниот сектор;
20. Насоки во однос на обработката на лични податоци од SMART CARDS и RFID TAGS;
21. Насоки во однос на обработката на лични податоци преку видео- надзор;
22. Насоки за Privacy by design[4] и Оценка на влијанието на приватноста;
23. Упатства за обработка на личните податоци во секторот за електронски комуникации;
24. Рамка за насоки на контролорите;
25. Анализа на постапка за нотификација, претходна проверка и Централниот Регистар;
26. Анализа за потребите од проверка;
27. План за обуки;
28. Прашалник за испитување на јавното мислење.

[4] Privacy by design ( Приватност по дизајн ) Градење на архитектурата на информации и комуникациски системи со однапред имплементирани спецификации на дизајнот за заштита на приватноста и на личните податоци

***Користење на ЕУ Фондови***

Дирекцијата преку Секретаријатот за Европски прашања до Делегација на Европската Унија, поднесе предлог- проект за користење на средства преку Механизмот за подготовка на проекти ( ППФ) од ИПА 2009 Програмата со наслов „ Одржлив систем за континуирана едукација во основно и средно образование за правото за заштита на личните податоци“. На поднесениот предлог-проект добиен е позитивен одговор, а имплементацијата на проектот се очекува да започне во 2013 година. Учествувавме со Мерка 6 во рамки на Правда и Внатрешни работи во ИПА[5] 2012 – 2013 Програмата, чија што постапка е во завршна фаза.

***Билатерална и мултилатерална соработка***

***Меѓународна конференција - Модернизација на легислативата за заштита на личните податоци во Европа.***

Еден од најважните настани за заштита на личните податоци во Балканскиот регион, а воедно и завршен настан на проектот „Поддршка на Дирекцијата за заштита на личните податоци” од ИПА 2008, беше одржан на 30-31 мај во Скопје. Органите за заштита на лични податоци од Балканскиот регион, заедно со околу 100 претставници од јавниот и приватниот сектор, разговараа за нивното искуство во соработката со ЕУ како и за влијанието на предлог- измените на Европската легислатива за заштита на лични податоци во националната пракса. Покрај презентациите, пред присутните гости преку видео-линк се обрати и г. Џовани Бутарели, помошник супервизор на Европскиот надзорен орган за заштита на личните податоци, потенцирајќи ја важноста на партнерството помеѓу ЕУ и земјите од Балканот во заштита на личните податоци особено на почетната точка во новата ера на заштита на личните податоци во која што блиските партнерства се основа за натамошната работа.




Скопје, 30 мај 2012, Меѓународна конференција "Модернизација на легислативата за заштита на личните податоци во Европа"

[5] ИПА – Инструмент за претпристапна помош на Европската Унија

Конференцијата беше место на кое се дискутираше за измените и модернизацијата на двата столба во легислативата за заштита на личните податоци и тоа Конвенцијата 108 на Советот на Европа за заштита на поединците од автоматска обработка на податоците и Директивата 95/46/ЕК на Европскиот Парламент и на Советот од 24 октомври 1995 година за заштита на лицата во поглед на обработката на личните податоци и слободен проток на тие податоци. Согласно предложените измени на органите за заштита на личните податоци им се даваат нови надлежности, како што е координирана работа, заеднички операции, проактивно следење на новите технолошки развивања, надлежности во јавниот сектор и можност за изрекување на казни.

***Меѓународна Работилница на тема - „Балканска конференција на органите за заштита на личните податоци – заеднички стремежи и соработка, TAIEX, Скопје,17-18 декември 2012***

Дирекцијата во соработка со инструментот за предпристапна помош на Европската Комисија - TAIEX, реализираше Меѓународна Работилница на тема - „Балканска конференција на органите за заштита на личните податоци – заеднички стремежи и соработка“, која се одржа на 17-18 декември 2012 година. Работилницата беше резултат на активностите на Дирекцијата и заложбите за јакнење на меѓународната сорабока со цел воедначена примена на начелата за заштита на личните податоци и хармонизација на националното законодавствосо новините на ЕУ легислативата. Идејата за организирање на Балканската конференција потекна од средбата на надзорните органи за заштита на личните податоци во рамки на Конференцијата за Модернизацијата на ЕУ легислативата за заштита на личните податоци, која ја одржа Дирекцијата во мај 2012 година. На оваа Конференција беше предложено организирање на Балканска Конференција на органите за заштита на личните податоци, преку која ќе се почне со редовни годишни средби на Балканските надзорни органи за заштита на лични податоци, како платформа за разменување на искуство во легислативата и праксата за заштита на лични податоци, како и за соработката со Европските органи за заштита на лични податоци.

Работилницата беше наменета за претставници од надзорните органи за заштита на личните податоци и слободен пристап до информации од јавен карактер од Западен Балкан кои во рамките на работилницата ја прифатија Декларацијата за соработка. Особен акцент беше ставен на можноста за заедничко аплицирање на Балканските органи за користење на поддршка од ИПА фондовите. Работниот дел на Конференцијата беше посветен на преносот на личните податоци во трети земји, надзорот над преносот и соработката со Европравда (Eurojust), како и балансот помеѓу правото на заштита на личните податоци и правото на слободниот пристап до информациите од јавен карактер и потребата од разни правни сервиси за остварување на овие две човекови права. Стана збор за ИСО стандардизацијата на вработените во органите за заштита на приватноста, како современ услов за ефикасно работење и извршување на надлежностите.

## Користење на Инструментот за техничка поддршка и размена на информации на Европската Комисија - TAIEX

### *TAIEX Студиска посета за On-line[6] инспекција за заштита на личните податоци, 16 – 17 јануари 2012, Хелсинки, Финска*

Делегација на Дирекцијата реализираше студиска посета на Финскиот Омбудсман за заштита на личните податоци со цел стекнување на знаења за вршење на инспекциски надзор преку користење на интернет и современата техника. На делегацијата од Дирекцијата ú беше претставена On-line инспекцијата над интернет страниците на контролорите, кадешто целата инспекција се одвива преку проверка на содржините на интернет страните, на начинот на прибирање на личните податоци и постапувањето со нив. Особен интерес побуди најчестиот надзор кој го врши Канцеларијата на Финскиот омбудсман за заштита на личните податоци, т.н. секторски базирана инспекција. Инспекторот врши on-line инспекција на контролорите од цел сектор, притоа користејќи асоцијации на контролори и опфаќајќи многу податоци. Преку вршење инспекција од далечина, каде на контролорите од еден сектор им се доставуваат прашалници по редовна пошта или преку електронска пошта на кои тие во даден рок треба да одговорат. Одговорите придонесуваат кон подготовка на секторски базирана анализа, со конкретни препораки. Претставниците на Дирекцијата беа запознаени со користењето на ИТ решението WEBROPOL, софтвер основан од Министерството за правда на Финска, којшто се користи од повеќе државни институции кога им е потребно да направат истражување или анализа на состојбите.

Податоци за студиската посета има објавено на интернет страната на TAIEX инструментот www.taiex.ec.europa.eu, како и на линкот

http://ec.europa.eu/enlargement/taiex/dyn/taiex-events/library/detail_en.jsp?EventID=46595

### TAIEX Студиска посета за административната постапка за одобрение за обработка на биометриски податоци, 2-3 април 2012, Хаг, Холандија

Цел на студиската посета беше запознавањето со обработката на биометриските лични подтоци во Холандија и вршењето на инспекцискиот надзор. Претставниците на Дирекцијата беа запознаени со системот за обработка на биометриски податоци заради влез и излез од просторите на контролорот, како и со неопходните сигурносни мерки за заштита. Се увиде дека во Холандија не постои ограничување и опасност од употреба на биометријата доколку истата е еднонасочна, односно доколку се чува само примерокот, а не суров (необработен) биометриски податок. Во вакви ситуации нема опасност од

[6] On line инспекција – вршење на инспекциски надзор по електронски пат

реконструкција на биометрискиот податок. Беше потенцирано дека како цел заради која најчесто се обработуваат биометриски податоци се јавуваат: утврдување на идентитет (контрола на пристап), тагови кај социјалните мрежи (пр. софтвер за препознавање на ликови на Фејсбук и информации во врска со работата на органите надлежни за спроведување на законот). Вработените од Холандскиот орган за заштита на личните податоци го презентираа користењето на биометриските податоци во секторите полиција и правда. Во овие сектори се обработуваат ДНК податоци, отпечаток од прст/дактилоскопски податоци кои се користат во националната база со податоци за полициски цели, националната база со податоци за емигранти и ЕУРОДАК базата со податоци за емигранти, скенирање на лице и други скенирања. Претставниците од Дирекцијата во рамки на студиската посета беа запознаени со проектот на аеродромот Шипхол, односно новиот начин за контрола на границите од страна на самите патници преку скенирање на пасошот и скенирање на ирисот од окото на патникот. На последната сесија од студиската посета беше претставено вршењето на надворешна контрола на Ревизорската куќа PricewaterhouseCoopers во Холандскиот институт за форензика.

Повеќе информации за студиската посета се објавени на

http://ec.europa.eu/enlargement/taiex/dyn/taiex-events/library/detail_en.jsp?EventID=46540

**TAIEX Студиска посета за видео надзор над работните места и заштита на личните податоци, 17 – 18 април 2012, Брисел, Белгија**

Цел на посетата беше искуството за вршење на видео надзор кој се однесува на јавниот и приватниот сектор имајќи предвид дека во Белгија постои посебен закон за вршење на видео надзор, кој генерално се однесува на вршење на видео- надзор за кој се надлежни владините институции, локалната самоуправа и други јавни институции. Законот прави дистинкција помеѓу вршење на видео надзор на јавно достапен-отворен простор, на јавно достапен-затворен простор и не-јавно достапни затворени места (банки, канцеларии, приватни куќи и згради). Законот предивидува специфични и добро наведени цели за вршење на видео надзор, како превенирање и следење на криминал, оштетување на јавни добра, одржување на јавниот ред и мир, поради кои системот за видео надзор собира, или зачувува снимки. Белгискиот орган за заштита на личните податоци го пренесе искуството од деталното нормирање на поставувањето на видео надзорот во државата, со посебен акцент на видео надзор над работните места, согласно работното законодавство.
Со посета на линкот http://ec.europa.eu/enlargement/taiex/dyn/taiex-events/library/detail_en.jsp?EventID=48290 , можете да најдете детални информации за студиската посета.

**TAIEX Работилница за пресметување во облак (Cloud computing), 26 април 2012, Скопје, Македонија**

Моменталните состојби со принципите за заштита на личните податоци и пресметувањето во облак (Cloud computing[7]) беа разгледани на работилницата која отвори конструктивна дискусија меѓу учесниците. Стана збор за преносот на личните податоци во трети земји, концептот на контролорот и обработувачот и нивните одговорности од аспект на пресметувањето во облак (Cloud computing), како и вршењето надзор и набљудување.

Повеќе информации се наоѓаат на

http://ec.europa.eu/enlargement/taiex/dyn/taiex-events/library/detail_en.jsp?EventID=47373

**TAIEX Работилница за пристап до судски одлуки и правото на анонимност и заштита на личните податоци, 9-10 мај 2012, Скопје, Македонија**

Предмет на оваа работилница беше начинот на спроведувањето на начелата на заштита на личните податоци при објавувањето на судските одлуки, пристапот и анонимизацијата на судските одлуки. Средбата овозможи да се промовира „културата на заштита на личните податоци“ во правосудството, како и да се дадат конкретни насоки и перспективи за изградба на систем за заштита на личните податоци во правосудството.

Податоци за оваа работилница можете да најдете и на
http://ec.europa.eu/enlargement/taiex/dyn/taiex-events/library/detail_en.jsp?EventID=47374

**TAIEX Работилница за заштита на личните податоци на потрошувачите на интернет, 14-15 мај 2012, Скопје, Македонија**

Работилницата опфати содржини од аспект на потребите на компаниите за унапредување на нивните практики во однос на обработката на личните податоци на потрошувачите, особено преку купувања кои се вршат преку интернет, вршењето на маркетинг активнсоти и нивна реализација согласно прописите за заштита на приватноста. Работилницата беше посетена од делегирани лица од компаниите, институциите и организациите кои се грижат за заштита на правата на потрошувачите.

За повеќе информации посетете го линкот

http://ec.europa.eu/enlargement/taiex/dyn/taiex-events/library/detail_en.jsp?EventID=48465

[7] Cloud computing – виртуелно (во облак) информатичко работење

**TAIEX Работилница за вршење на Инспекциски надзор за заштита на личните податоци, 11-12 јуни 2012, Скопје, Македонија**

Целта на одржаната работилница беше обука на инспекторите од Дирекцијата за начинот на вршење инспекциски надзор, постапување по претставки поднесени од граѓани за повреда на правото за заштита на личните податоци. Резултат од средбата беше размена на знаења и искуство од ЕУ праксата.

За повеќе информации посетете ја интернет страницата на инструментот TAIEX , или следниот линк

http://ec.europa.eu/enlargement/taiex/dyn/taiex-events/library/detail_en.jsp?EventID=48147

**TAIEX Студиска посета на Европравда[8] (Eurojust), 24 – 27 септември 2012, Хаг, Холандија**

Студиската посета која се реализираше по иницијатива на Дирекцијата, а во соработка со Јавниот Обвител за организиран криминал и Министерството за правда, имаше за цел спроведување на одредбите на потпишаниот Договор. На учесниците им беше презентирана работата на Eurojust, начинот на соработка и комуникација меѓу земјите членки на ЕУ во заедничката борба против транснационалниот организиран криминал од аспект на заштита на личните податоци. Беше објаснета организациската поставеност и комуникацијата меѓу државите која се одвива преку Европравда, како единствен модел за ефикасност и соработка. Особено беше потенциран системот за управување  со документи, бидејќи истиот овозможува пренос на податоци и информации на точно однапред определен примател со брзина и ефикасност неопходни за работењето на телото. Со цел да се обезбеди контрола над системот за движење на податоците, нивната обработка од аспект на приватноста, особено поради природата на податоците кои се разменуваат во Европравда, осовано е тело – Заедничко надзорно тело на Европравда, (Joint supervisory body) со надлежност за контролирање на обезбедувањето на правото за заштита на личните податоци од страна на земјите членки на Европската Унија и нивната соработка во рамки на Европравда.

Средбата во Хаг беше можност за одржување на билатерална средба меѓу делегацијата од Дирекцијата и Офицерот за заштита на личлните податоци на Европравда. Особена дискусија зазеде воспоставувањето на методологијата и начинот на идна соработка која произлегува од потпишаниот Договор меѓу Европравда и Република Македонија. Беше договорена натамошна соработка и потпишување на Договорени насоки за нејзината реализиација. По барање на Дирекцијата, Офицерот на Европравда истакна дека ќе се заложи за редовно учество на претставници на Дирекцијата на пленарните средби на Европравда.

[8] Договорот за соработка помеѓу Европравда (EUROJUST) и Република Македонија, потпишан во 2008 година, стапи во сила во ноември 2010 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 51/09). Во тие рамки, директната соработка помеѓу Дирекцијата за заштита на личните податоци на Република Македонија и Офицерот за заштита на податоците  на Европравда има важна улога.

За повеќе информации посетете го линкот

http://ec.europa.eu/enlargement/taiex/dyn/taiex-events/library/detail_en.jsp?EventID=48780

**TAIEX Работилница за приватноста на политички изложените лица, 9 октомври 2012, Скопје, Македонија**

Приватноста на политички изложените лица и слободниот пристап до информации, како тема на работилницата, предизвика дискусија и интерес. Во присуство на голем број учесници, претставници од повеќе институции, медиуми, пратеници и луѓе од јавниот живот, на работилницата стана збор за правната рамка на приватноста на политички изложените лица, улогата на медиумите во заштитата на приватноста, компаративен преглед на оваа тематика во државите членки на Европската Унија како и превенција од корупција на политички изложените лица.

Работилницата се реализираше во соработка со Државната Комисија за спречување на корупцијата.

Нса следниот линк можете повеќе да се информирате за оваа работилница

http://ec.europa.eu/enlargement/taiex/dyn/taiex-events/library/detail_en.jsp?EventID=48785

**TAIEX Работилница за приватноста на работното место, 19 октомври 2012, Скопје, Македонија**

На оваа Работилница беа опфатени аспектите на приватност на работното место преку анализа на законодавството, принципите за заштита на личните податоци во контекст на вработувањето, приватноста и работните односи - право и надзор во Естонија, интернет и е-меил комуникација на работното место, а ќе бидат презентирани и дел од регулативите и препораките за добри практики за приватни и бизнис цели и приватноста во процестот на обработка и користење на log- податоците. Експертите од надзорните органи за заштита на личните податоци од Република Литванија, Република Естонија и Република Германија ќе дадат преглед на европската регулатива за заштита на приватноста на работното место.

Свој придонес во оваа Работилница, преку презентирање на актуелните состојби даде и Дирекцијата.

Повеќе информации можете да најдете на следниот линк

http://ec.europa.eu/enlargement/taiex/dyn/taiex-events/library/detail_en.jsp?EventID=49025

**TAIEX Студиска посета за заштита на приватноста во образовниот систем, 7 – 9 ноември 2012, Лисабон, Португалија**

Претставници на Дирекцијата имаа можност за посета на Португалската Комисија за заштита на личните податоци која има спроведено проект во образовниот систем во Португалија за јакнење на свеста на учениците и наставниот кадар за заштита на личните податоци.

Комисијата вложила напори за регулирање на правото на приватност во институционалниот образовен систем, имајќи ја предвид посебната категорија на граѓани – учениците кои се и најподлежни на злоупотреби на правото на приватност. Во Португалија, собирањето на податоците за етничката припадност на учениците е строго забранета по сите основи. Ваквиот законски став е поради историјата и традицијата на португалското општество и се почитува од сите фактори во образовниот процес. Посебни правила се воспоставени и за воведување на истражувања или за аплицирање на студентите и учениците на различни понуди за образование и програми, кои треба однапред да бидат одобрени од страна на Комисијата. Претставниците на Дирекцијата беа запознаени со проектот DADUS[9], поврзан со користењето на интернетот и социјалните мрежи како придобивка на модерното време, но под надзор на Комисијата и под строго утврдени правила за приватност. Интернет страниците на училиштата мора да внимаат на заштитата на личноста на учениците и да ја исполнуваат единствено функцијата како платформи за договарање на општи теми форуми за родители и наставници и информации во врска со активности. Како мерки за безбедност се овозможуваат различни нивоа на пристап, сепак беше истакнато дека постои ризик поради недоволната подготвеност на училиштата, како и поради ниската свест за приватноста и нејзината заштита.

На интернет страницата на TAIEX инструментот, како и на линкот подоле, можете да најдете повеќе информации

http://ec.europa.eu/enlargement/taiex/dyn/taiex-events/library/detail_en.jsp?EventID=49158

**TAIEX Работилница за воспоставување на рамка за ревизија на заштитата на личните податоци (Privacy Audit Framework), 12-13 ноември 2012, Скопје, Македонија**

Работилницата за воспоставување на рамка за ревизија на заштитата на личните податоци ги прошири знаењата на инспекторите на Дирекцијата и ревизорите, кои во иднина ќе ја вршат надворешната контрола за заштита на личните податоци. На присутните им беше претставено законодавството за вршење на надворешна контрола, како и препораки и совети за идно усовршување на актите со кои се уредува оваа материја.

Повеќе информации ќе најдете на http://ec.europa.eu/enlargement/taiex/dyn/taiex-events/library/detail_en.jsp?EventID=50197

[9] Повеќе информации за проектот DADUS можете да најдете на http://*dadus*.cnpd.pt/

**TAIEX Студиска посета за European Privacy Seal[10],**

**19-20 ноември 2012, Киел, Германија**

Носител на проектот Европски „печат“ за приватност (EuroPriSe) е Центарот за заштита на личните податоци на Киел, Шлезвиг Холштајн Германија, каде беше во посета делегација од Дирекцијата. EuroPriSe располага со 140 експерти од 16 земји и како сертификационото тело соработува со европските органи за заштита на личните податоци. EuroPriSe има свои предности пред сé затоа што е единствен униформиран систем за сертифицирање на заштитата на приватноста на ниво на Европа. Критериумите се унифицирани; се обезбедува доследна и сигурна постапка, високи стандарди, можност да се додадат и национални правила; додадени се вредности за квалитет, управување со ризици; се обезбедува поврзаност со клиентите, а со тоа се влева доверба кај истите. Центарот за заштита на лични податоци и Дирекцијата се договорија преку идни проекти да ја продолжат соработката. Во наредниот период од страна на Дирекцијата се предложи претставници од Центарот за заштита на лични податоци (EuroPriSe) да дојдат во Македонија заради проверка на капацитетите на Дирекцијата и можност за нејзина акредитација како сертификационо тело.

Повеќе податоци за студиската посета може да се најдат на линкот

http://ec.europa.eu/enlargement/taiex/dyn/taiex-events/library/detail_en.jsp?EventID=48466

**TAIEX Работилница за Оценка на адекватноста, 3 -4 Декември 2012, Скопје, Македонија**

На одржаната работилница присуствуваа претставници од сите институции кои ќе бидат инволвирани во Постапката за оценување на адекватноста на заштитата на личните податоци во Република Македонија. Средбата на учесниците со експертите од Шпанија и Полска, придонесе кон обезбедување на информации кои ни се потребни за отпочнување на процедура за оценка на адекватноста на нивото на заштита на личните податоци, анализа на околностите за доставување на барање до Европската Комисија за оценка на правната и практичната рамка како и за нивото на заштита на личните податоци во државата. Беше објаснета и постапката за проценка на состојбата во Република Македонија во однос на заштитата на личните податоци водена од страна на Европската Комисија и Работната Група 29 (Article 29 Working Party).

Повеќе информации можете да најдете на линкот:

http://ec.europa.eu/enlargement/taiex/dyn/taiex-events/library/detail_en.jsp?EventID=50618

